РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење, со кое се бара мислење за постоење на состојба на судир на интереси во ситуација кога  именувано лице за вршење на функцијата в.д. член на Управниот одбор на ЈП за берзанско работење Агро - Берза – Скопје со Решение од Владата на РСМ, истовремено ја врши и адвокатската дејност, односно е активен адвокат.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 – б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 20 став (2) и член 24 став (1) од Законот за адвокатурата (*) („Сл. весник на РСМ“ бр.199/23):

Член 20 став (2)

„ (2) Адвокатот може да врши јавна функција или јавна служба доколку за вршење на истата не заснова работен однос.“

Член 24 став (1)

„(1) На адвокат избран или именуван на јавна функција, со засновање на работен однос вршењето на адвокатската дејност му мирува до престанувањето на функцијата.“

Со оглед на фактот дека именуваното лице, како в.д. член на Управниот одбор на ЈП за берзанско работење Агро - Берза – Скопје, именуван од страна на Владата на РСМ, не заснова работен однос, а ограничувањата предвидено со горе цитираните одредби од Законот за адвокатурата (*) се однесуваат само на тој начин на вршење на некоја функција, тогаш не постои забрана за активно  вршење на адвокатска дејност.

Државната комисија  известува дека лицето би се довел во состојба на судир на интереси во ситуација кога би давал правни/адвокатски услуги на ЈП за берзанско работење Агро - Берза – Скопје како адвокат и при тоа оствари корист за себе, а од друга страна врши јавни овластувања и должности во истото јавно претпријатие како в.д. член на Управен одбор.

Државната комисија укажува и на Начелото на интегритет кое треба да се почитува при вршењето на функцијата в.д. член на Управниот одбор на ЈП за берзанско работење Агро - Берза – Скопје и тоа:

Начело на интегритет
Член 4

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.“

**Заменик претседател**

**м-р Сервет Демири**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk